универзитетски гласник

**Издавач**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Главен и одговорен уредник**
*М-р Илија Пиперкоски*

**Уредник**
*Марија Маневска*

**Лектор**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување**
*Зоран Кордоски*

**Печати**
*Боро Графика*

# СОДРЖИНА

**Правилник** за изборот, разрешувањето, надлежноста и работата на студентскиот правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........................................3

Врз основа на член 150, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ. Бр. 35/2008; бр. 103/2008 и бр. 26/2009) и член 382 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на 10. седница одржана на 18.6 и на 6.7. 2009 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

## за изборот, разрешувањето, надлежноста и работата на студентскиот правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

### *ОПШТИ ОДРЕДБИ*

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат изборот, разрешувањето, надлежноста и работата на студентскиот правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

**Член 2**

Студентскиот правобранител ги штити законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот и актите на единиците во состав на Универзитетот, кога им се повредени од органите на Универзитетот и од органите на единиците во состав на Универзитетот, како и од лицата вклучени во високообразовната дејност и од други лица утврдени со овој Правилник.

**Член 3**

Студентскиот правобранител ги врши работите од својата надлежност врз основа и во рамките на закон, Статутот на Универзитетот и овој Правилник.

Студентскиот правобранител е независен и самостоен во вршењето на функцијата.

Функцијата студентски правобранител лицето ја врши професионално и таа е неспоива со вршењето на дејност или функција во политичка партија.

При вршењето на својата функција, студентскиот правобранител се води од принципите на непристрасност, недискриминација, доверливост, достапност, одговорност, отчетност и законитост.

**Член 4**

Единиците и Универзитетот се должни да соработуваат со студентскиот правобранител, на негово барање да му ги обезбедат потребните податоци и информации и да му овозможат спроведување на постапката.

**Член 5**

Студентскиот правобранител има свој печат и штембил кои го содржат следниов текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - студентски правобранител и логото на студентскиот правобранител.

Изгледот на логото се утврдува со Статутот на Студентскиот парламент на Универзитетот.

### Избор на студентскиот правобранител

**Член 6**

Студентскиот правобранител се избира од редот на студентите по правни студии, со минимум завршен 4. семестар и просек на студии од минимум 8,00.

Студентскиот правобранител се избира од Сенатот по предлог на Студентскиот парламент за време од 2 години, без право на повторен избор.

Студентскиот парламент го предлага кандидатот за студентски правобра-нител врз основа на конкурс.

**Член 7**

Студентскиот правобранител дава свечена заклетва пред Сенатот дека својата функција ќе ја врши одговорно, во рамките на законот и актите на Универзитетот.

Студентскиот правобранител, најмалку еднаш во годината, поднесува извештај за својата работа до Студентскиот парламент, Ректорската управа и до Универзитетскиот сенат.

**Член 8**

Студентскиот правобранител има заменици, по еден од секоја единица во состав на Универзитетот, кои ги избира студентскиот правобранител на Универзитетот по предлог на Студентскиот парламент на факултетот, за време од 2 години, без право на повторен избор.

Изборот и надлежноста на замениците се утврдуваат со Статутот на Студентскиот парламент на Универзитетот.

**Член 9**

Во случај на отсутност или спреченост на студентскиот правобранител, го заменува еден од замениците што тој ќе го определи.

**Член 10**

Студентскиот правобранител и замениците не можат да бидат повикани на одговорност за дадено мислење и преземени дејствија, мерки и активности во вршењето на својата функција.

**Надлежност на студентскиот правобранител**

**Член 11**

Студентскиот правобранител, во рамките на своите надлежности утврдени со закон, Статутот на Универзитетот и овој Правилник, е овластен:

- да посредува во спорови помеѓу студентите и професорите, студентите и единиците на Универзитетот, студентите и универзитетската адми-нистрација;
- да дава препораки во конкретни случаи со цел разрешување на спорови;
- да презема активности за кои е надлежен и по сопствено наоѓање. Ако започне постапка по сопствена иницијатива, потребна е согласност од студентот на кого му се повредени правата;
- да ги стави на јавна дискусија прашањата поврзани со системот на заштита на студентските права и кршењето на студентските права, и заклучоците од тие прашања да ги промовира со цел подобрување на квалитетот на високото образование и заштитата на студентските права;
- да соработува со домашни и странски владини и невладини институции;
- да врши и други надлежности доделени од Сенатот на Универзитетот или од Студентскиот парламент на Универзитетот.

**Член 12**

Со писмена согласност на студентот, студентскиот правобранител може да изврши увид во досието кое се однесува на студентот.

**Член 13**

Студентскиот правобранител е должен да ги информира и советува студентите за нивните права.

**Член 14**

Постапката пред студентскиот правобранител се започнува со поднесување на писмено барање. Барањето го поднесува студентот, односно негов полномошник. Барањето се доставува по пошта на адресата на седиштето на студентскиот правобранител.

Во итни случаи, студентскиот правобранител може да го прими барањето и по телефон, за што се составува службена белешка.

Барањето примено по телефон, подносителот е должен во рок од 10 дена да го поднесе писмено до студентскиот правобранител.

Доколку барањето примено по телефон во определениот рок не се достави писмено и не бидат доставени соодветни докази, постапката ќе се запре. Постапката се запира и во случај кога подносителот на барањето во оставениот рок нема да постапи по барањето на студентскиот правобранител за отстранување на евентуалните недостатоци во барањето (кога барањето е нецелосно, неразбирливо и сл.).

**Член 15**

Барањето упатено до студентскиот правобранител треба да биде потпишано и да содржи лични податоци на подносителот, да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои се темели барањето. Во барањето треба да биде наведен и органот, односно лицето на кое се однесува барањето.

Подносителот не може да биде повикан на одговорност во врска со поднесеното барање, а за тоа се грижи деканот, односно директорот на единицата на Универзитетот.

Подносителот е ослободен од плаќање такси за постапката пред студентскиот правобранител.

**Член 16**

Студентскиот правобранител ќе одлучи по барањето во рок од 30 дена од неговото поднесување.

Студентскиот правобранител е должен по барањето да постапува совесно, непристрасно, ефикасно и одговорно. При постапувањето е должен од соодветните институции да ги прибави сите факти и докази што се од суштествено значење за одлучувањето по барањето.

Студентскиот правобранител, при постапувањето по барањето, е должен да ги почитува приватноста и тајноста на податоците што се однесуваат на подносителот.

**Член 17**

Студентскиот правобранител ќе го отфрли барањето доколку:

- по барањето веќе постапувал и тоа претставува завршена работа;
- барањето е анонимно, освен кога се работи за прашање од општ интерес;
- барањето не е комплетно, а подносителот по претходно укажување од студентскиот правобранител не го дополнил;
- барањето се однесува на дејствие кое се случило пред повеќе од 1 година, освен ако оцени дека подносителот го пропуштил рокот од оправдани причини;
- студентот не е лично засегнат од дејствијата на кои се однесува барањето, односно барањето е поднесено од неовластено лице;
- барањето се однесува на приговор за оценка, а студентот не го искористил правото согласно со закон и актите на Универзитетот;
- решавањето на барањето не е во негова надлежност;
- предметот е во постапка пред судските органи или друг надлежен орган;
- од податоците што му стојат на располагање произлегува дека не се работи за повреда на правата на студентот согласно со закон и актите на Универзитетот.

Одлуката за отфрлање на барањето треба да биде образложена.

**Член 18**

Студентскиот правобранител ќе донесе одлука за неповедување на постапка доколку од расположливите докази утврди дека не постои повреда на правата на студентот согласно со закон и актите на Универзитетот. Одлуката треба да биде образложена.

**Член 19**

Доколку студентскиот правобранител не донесе одлука согласно со членовите 17 и 18 од овој Правилник, донесува одлука за поведување на постапката.

Во текот на постапката студентскиот правобранител соработува со замениците.

**Член 20**

Кога студентскиот правобранител ќе констатира дека се повредени правата на подносителот на барањето, може:

- да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди;
- да предложи повторно да се преземе определено дејствие или постапка согласно со закон;
- да преземе иницијатива за поведување на одговорност против одговорното лице;
- да побара постапување од други надлежни државни органи.

**Член 21**

Во текот на постапката, студентскиот правобранител има право:

- да побара од деканот, односно од директорот појаснување, изјаснување и дополнителни информации по

наводите на подносителот на барањето;
- да изврши увид во документацијата која е во врска со барањето.

Деканот, односно директорот е должен да постапи по барањето од став 1 на овој член и да го достави во рокот кој тој ќе го определи, кој не може да биде пократок од 8 дена, ниту подолг од 30 дена.

Одбивањето или непочитувањето на барањето на студентскиот правобра-нител се смета како попречување на неговата работа, за што тој може за тоа да ги извести органите на Универзитетот, или тоа јавно да го објави во јавно гласило на Универзитетот.

**Член 22**

Студентскиот правобранител во текот на постапката не е должен на подносителот на барањето да му овозможи увид во предметот, но, на негово барање, го известува за текот на постапката.

**Член 23**

Доколку студентскиот правобранител, врз основа на спроведената постапка, констатира дека не се повредени правата на подносителот на барањето, составува извештај со констатации за утврдената состојба и го доставува до подносителот и единицата на Универзитетот.

**Член 24**

Ако студентскиот правобранител констатира дека се повредени одредени права на подносителот на барањето, составува извештај со констатации за утврдената состојба, со препорака, односно со мислење, предлог или укажување до единицата за преземање на соодветни мерки за отстранување на повредата за која е поднесено барањето. Извештајот со препораката, односно со мислењето, предлогот или укажувањето се доставува до подносителот на барањето и единицата.

Доколку деканот, односно директорот не преземе соодветни мерки за отстранување на повредата во рокот што ќе го определи студентскиот правобранител, препораката ја доставува до наставно-научниот совет, односно до научниот совет на единицата.

Ако органот од став 2 на овој член не постапи по препораката на студентскиот правобранител во оставениот рок, тој може да ги извести органите на Универзитетот или тоа да го објави во јавно гласило на Универзитетот.

**Член 25**

Единиците се должни да го известуваат студентскиот правобранител за текот на преземените активности и мерки за отстранување на повредата, во рокот што тој ќе го определи.

По завршувањето на постапката, студентскиот правобранител го известува подносителот на барањето.

**Член 26**

Сите информации и документи коишто ќе ги добие студентскиот правобранител по службена должност во текот на постапката се од доверлив карактер. Обврската за доверливост ги обврзува и замениците на студентскиот правобранител, како и други лица - учесници во постапката.

Студентскиот правобранител се грижи за заштитата на идентитетот, приватноста и анонимноста на студентите коишто поднеле барање. ж

**Разрешување на студентскиот правобранител**

**Член 27**

Студентскиот правобранител се разрешува:
- доколку сам го побара тоа, во случај на смрт или поради трајна спреченост да ја извршува функцијата;
- поради несовесно, нестручно или пристрасно вршење на функцијата студентски правобранител;
- поради недоверба во неговата работа;
- во други случаи утврдени со Статутот на Студентскиот парламент.

Сенатот го разрешува студентскиот правобранител по предлог на Сту-дентскиот парламент.

Условите, начинот и постапката за утврдување предлог за разрешување на студентскиот правобранител се регулираат со Статутот на Студентскиот парламент.

**ДРУГИ ОДРЕДБИ**

**Член 28**

Студентите и нивните полномошници кои доаѓаат кај студентскиот правобранител се примаат во термин кој е претходно договорен.

**Член 29**

Студентскиот правобранител води евиденција за доставените барања за заштита на правата на студентите.

**Член 30**

Студентскиот правобранител, во остварувањето на неговата функција, не постапува пред органи и организации надвор од универзитетската заедница.

**Член 31**

Извештајот на студентскиот правобранител се објавува во јавно гласило на Универзитетот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 32**

Започнатите постапки пред студентскиот правобранител пред влегувањето во сила на овој Правилник ќе завршат според Правилникот за начинот на работата и постапката пред студентскиот правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 2 јули 2002 година, доколку е поповолен за студентите.

**Член 33**

Овој Правилник се менува и се дополнува во постапка предвидена за негово донесување.

**Член 34**

Овој Правилник стапува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

---

Врз основа на член 150, став 4 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008, 103/2008 и бр. 26/2009) и член 342 од Статутот на Универзитетот, Универзитетскиот сенат на 11. седница одржана на 6.7.2009 година, на предлог на Студентскиот парламент на Универзитетот, донесе

# О Д Л У К А
**за избор на Студентски правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Член 1**

За Студенстки правобранител на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се избира Никола Главинче, студент на правни студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ -Правен факултет „Јустинијан Први“-Скопје.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски**